# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 став 7 од Законот за девизно работење ("Службен весник на Република Македонија" бр.34/01, 49/01, 103/01, 54/02 и 51/03 ), точка 4 од Одлуката за начинот и условите на купопродажба на странски платежни средства во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/02) и член 69 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), гувернерот на Народна банка на Република Македонија донесе

## У П А Т С Т В О

## за начинот и условите на купопродажба на странски платежни средства во Република Македонија

### I. Општи одредби

1. Со ова Упатство подетално се регулираат начинот и условите на купопродажба на странски платежни средства во Република Македонија.

2. Под странски платежни средства се подразбираат:

   а. Девизи
   б. Ефективни странски пари
   в. Чекови кои гласат во странска валута и се наплативи во странска валута
   г. Кредитни писма кои гласат во странска валута и се наплативи во странска валута
   д. Други инструменти за плаќање кои гласат во странска валута и се наплативи во странска валута

3. Пазарот на странски платежни средства е поделен на:

   а) **пазар на странски платежни средства во поширока смисла** кој ги опфаќа сите трансакции на купопродажба на странски платежни средства за денари кои се реализираат во Република Македонија во текот на работниот ден, од 07.00 до 14.30 часот. Трансакциите кои се склучени по 14.30 часот се сметаат за трансакции склучени следниот работен ден;

   б) **пазар на странски платежни средства во потесна смисла** (во натамошниот текст: девизен пазар) кој ги опфаќа сите трансакции на купопродажба на девизи за денари кои се реализираат во Република Македонија во текот на работниот ден, од 07.00 до 14.30 часот. Трансакциите кои се склучени по 14.30 часот се сметаат за трансакции склучени следниот работен ден.

4. Трансакцијата која се договара и склучува на пазарот на странски платежни средства претставува облигационен правен однос и за неа важат одредбите од Законот за облигациони односи.

5. Резидентите и нерезидентите во Република Македонија купуваат и продаваат странски платежни средства во свое име и за своја сметка со резиденти банки кои за тоа се овластени согласно Законот за банки.

6. Банките кои согласно Законот за банки се овластени за вршење на платен промет со странство, купуваат и продаваат странски платежни средства во свое име и за своја сметка, како и во свое име и за туѓа сметка.

   Банките кои согласно Законот за банки не се овластени за вршење на платен промет со странство, а се овластени за примање на парични депозити на физички лица во девизи и работење со ефективни странски пари, купуваат и продаваат странски платежни средства само во свое име и за своја сметка.

7. Странските платежни средства се купуваат и продаваат промптно, освен девизите кои се купуваат и на термин.

8. Под промптни трансакции се подразбираат сите оние трансакции на купопродажба на странски платежни средства во кои испораката на овие средства мора да се изврши во рок од два работни дена сметано од датумот на договарање на трансакцијата. Денарската противвредност се плаќа на денот на испорака на странското платежно средство.

9. Под термински трансакции се подразбираат сите оние трансакции на купопродажба на девизи во кои испораката на девизите се врши во рок подолг од два работни дена сметано од датумот на договарање на трансакцијата. Денарската противвредност се плаќа на датумот на испораката на девизите.

10. Купувањето и продавањето на странските платежни средства се остварува по курс по кој ќе се договорат страните.

11. Народна банка на Република Македонија купува и продава девизи во функција на остварување на целите на монетарната политика на начин определен во точка 28 од ова Упатство.

12. Трансферот на странски платежни средства кои се предмет на купопродажба на пазарот се врши истовремено со трансферот на противвредноста во денари.

    Трансферот на девизи кои се предмет на купопродажба помеѓу банки на девизниот пазар се врши на начин билатерално договорен помеѓу купувачот и продавачот.

13. Предмет на купување и продавање на пазарот на странски платежни средства можат да бидат странските платежни средства кои гласат на следните парични единици:

| | |
|---|---|
| 1) Економска и монетарна унија (ЕМУ) на Европа-Евро | (EUR) |
| 2) САД долар | (USD) |
| 3) Јапонски јен | (JPY) |
| 4) Британска фунта | (GBP) |
| 5) Швајцарски франк | (CHF) |
| 6) Австралиски долар | (AUD) |
| 7) Канадски долар | (CAD) |
| 8) Данска круна | (DKK) |
| 9) Норвешка круна | (NOK) |
| 10) Шведска круна | (SEK) |

14. Купувањето и продавањето на странски платежни средства на резидентите и нерезидентите во Република Македонија со овластена банка се остварува со доставување на налози за купопродажба на странски платежни средства до банката од страна на резидентот или нерезидентот (во понатамошниот текст налогодавач). Налозите можат да бидат доставени писмено или усно по телефон. При доставување на налози по телефон, потребно е банката да ги снима инструкциите на налогодавачот.

    Овластената банка котира курсеви за купопродажба на странски платежни средства.

15. Доколку овластената банка не е во состојба да го изврши налогот, треба веднаш да го извести налогодавачот.

16. Трансакцијата се смета за склучена во оној момент кога овластената банка има добиено известување за согласност од страна на налогодавачот. Од тој момент произлегуваат сите права и обврски за двете страни, кои подоцна се потврдуваат со потпишување на заклучницата или друга исправа или документ со која се докажува постоењето на договор.

17. Дилерот-овластениот работник во банката е должен да изготви дилерски тикет за евиденција на налогот и трансакцијата. Дилерскиот тикет треба да ги содржи следните елементи:
    - референтен број на налогот (тикетот);
    - име на комитентот и локација на комитентот;
    - датум на давање на налогот;
    - видот на трансакција-промптна или терминска;
    - вид на странско платежно средство;
    - валута на странското платежно средство;
    - износ на странско платежно средство;
    - курс по кој трансакцијата е склучена;
    - противредност во денари;
    - инструкции за плаќање (трансфер на средствата).

18. Во случај на грешки и пропусти при реализација на трансферот на средствата, трансферот треба да се корегира и да се реализира во согласност со договорените услови. Исправката и трошоците од корективните активности ги поднесува страната кај која настанала грешка или пропуст, освен во случај да е договорено поинаку.

19. Купувачот и продавачот на странски платежни средства за склучените трансакции оформуваат заклучница или друг документ со која се докажува постоењето на договор.

    Заклучницата или другиот документ задолжително ги содржи следните елементи:
    - сериски број на заклучницата;
    - име и локација на налогодавачот вклучувајќи го и неговиот матичен број;
    - датум на склучување на трансакцијата-датум на договор;
    - датум на извршување на трансакцијата;
    - видот на трансакција-промптна или терминска;
    - вид на странско платежно средство;
    - валута на странското платежно средство;
    - износ на странско платежно средство;
    - курс по кој трансакцијата е склучена;
    - противредност во денари;
    - инструкции за трансфер;
    - името на овластената банка со која е склучена зделката;

- потпис на овластените лица на банката и налогодавачот.

**II. Купопродажби на девизи**

20.Девизите се монетарни побарувања во странска валута.

21. Купопродажбата на девизи се врши на тој начин што овластената банка врши котирање при што истовремено се даваат курсеви за купување и за продавање на девизи (bid/ask). Левиот курс (bid) значи курс по кој банката откупува девизи, а десниот курс (ask) значи курс по кој банката продава девизи. Котираните курсеви претставуваат понуда за склучување на трансакција.

22. Курсевите ја искажуваат цената во денари за единица девиза. Курсевите се искажуваат на тој начин што страната која ги котира курсевите има обврска да ги каже сите места пред запирката и двете места по запирката. За термински курс страната која котира има обврска да ги каже сите места пред запирката и четирите места после запирката .

23. Во калкулациите за пресметување на терминската цена (терминскиот курс) за поедини странски парични единици се применува методот 365/360 дена, освен за македонскиот денар и британската фунта за кои се употребува методот 365/365.

24. Промптните трансакции се реализираат во рок од два работни дена сметано од датумот на договорање на трансакцијата, додека терминските трансакции доспеваат на т.н. заокружени календарски периоди: една недела, две недели, три недели, четири недели, еден месец, два месеци и три месеци. По исклучок трансакцијата може да биде реализирана и во други рокови доколку за тоа постои согласност од двете страни.

25. За одредувањето на терминската цена се користи следната методологија

$$Tc = Pr * \frac{(1 + (Id * \frac{t}{36500}))}{(1 + (If * \frac{t}{36000}))}$$

При што
*Tc*- термински курс
*Id*- каматна стапка за денари
*If*- каматна стапка на девизата
*t*-времетраење искажано во денови
*Pr*- промптен котиран курс

26. Котирањето и купопродажбите на девизи помеѓу овластените банки се врши преку информативниот систем Tenfore Banking Package. Во случај на неработење на информативниот систем Tenfore Banking Package, реализацијата на меѓубанкарските трансакции се врши преку телефон на начин дефиниран во ова Упатство.

27. Минимален износ за кој овластената банка е должна да котира и реализира купопродажби на девизи на девизниот пазар со други овластени банки изнесува 30.000 евра или противредност во друга валута. Доколку износот на трансакциите не е наведен од страна на овластените банки, котациите и купопродажбите на девизи се реализираат по минималниот износ.

Трансакциите за износи поголеми од 30.000 евра или противредност во друга валута се вршат врз основа на взаемна согласност помеѓу банката купувач и банката продавач.

28. Котирањето и купопродажбите на девизи помеѓу овластените банки кои со Народна банка на Република Македонија склучиле Договор за банка поддржувач на девизниот пазар во Република Македонија, како и помеѓу банките поддржувачи и другите овластени банки, се вршат согласно ова Упатство и Договорот за банка поддржувач на девизниот пазар во Република Македонија.

Одредбите од Договорот за банка поддржувач на девизниот пазар во Република Македонија се единствени и важат подеднакво за сите овластени банки кои го склучиле Договорот.

Народна банка на Република Македонија објавува листа на банки поддржувачи на девизниот пазар на интернет страната на Народна банка на Република Македонија и на информативниот систем Tenfore Banking Package.

Купопродажбите на девизи од страна на Народна банка на Република Македонија се реализираат со овластени банки кои со Народна банка на Република Македонија склучиле Договор за банка поддржувач на девизниот пазар во Република Македонија.

29. Дилерите се должни да котираат курсеви кои ги одразуваат реалните движења на девизниот пазар, во согласност со понудата и побарувачката на девизи.

30. Испораката на девизи се врши на тој начин што девизите се трансферираат од сметката на продавачот на сметката на купувачот, преку коренсподентните сметки кај странските комерцијални банки. Исто така испораката на девизи може да се изврши со испорака преку сметки кај овластени банки во земјата. Испораката на денари се врши со трансфер на денарски средства од сметката на купувачот на сметката на продавачот преку носителите на платниот промет во Република Македонија.

## III. Купопродажба на ефективни странски пари

31. Ефективни странски пари се парични побарувања во странска валута од централната банка која ги издала.

32. Купопродажбата на ефективни странски пари се врши на начин утврден во точките 14, 15 и 16 од ова Упатство.

33. За одредување на куповниот и продажниот курс при трансакциите со ефективни странски пари во случај кога се врши трансфер на денари се користи следната методологија:

$$Bide = \Pr b*(1 - \Pr od)$$

$$Aske = \Pr a*(1 + \Pr oa)$$

Кратенките од став 1 на оваа точка го имаат следното значење:

*Bide* - куповен курс во денари за ефективни странски пари во одредена странска парична единица

*Prb* - котиран куповен курс во денари за девизи во идентична странска парична единица

*Prod* - провизија за откуп на ефективни странски пари изразена во проценти

*Aske* - продажен курс во денари за ефективни странски пари во одредена странска парична единица

*Pra* - котиран продажен курс во денари за девизи во идентична странска парична единица

*Proa* - провизија за продажба на ефективни странски пари изразена во проценти

34. Трансакцијата на купување или продавање на ефективни странски пари се врши со трансфер на ефективните странски пари на начин на кој двете страни ќе се договорат и со меѓусебно почитување на правилата за нивен пренос. Плаќањето на денарската противредност се врши истовремено со физичката испорака на ефективните странски пари.

## IV. Купопродажба на чекови

35. Чекот претставува безусловна наредба која трасантот ја дава на трасатот, да исплати одредена сума на пари на ремитентот, кој е наведен на чекот или на самиот трасант.

36. На пазарот на странски платежни средства можат да се купуваат и продаваат чекови издадени во странство и кои гласат на странска парична единица, авалирани или акцептирани од странска банка и наплативи во странство.

37. Резидентите и нерезидентите во Република Македонија на пазарот на странски платежни средства можат да продаваат чекови на овластена банка.

38. Овластените банки на пазарот на странски платежни средства можат да продаваат и да купуваат чекови.

39. На пазарот на странски платежни средства не смеат да се купуваат и продаваат издадени чекови на кои датумот на издавање е постар од 90 дена сметајќи до денот на склучување на трансакцијата за купопродажба на овие чекови.

40. Купопродажбата на чекови се врши на начин утврден во точките 14, 15 и 16 од ова Упатство.

41. За одредување на куповниот и продажниот курс при трансакциите со чекови се користи следната методологија:

$$Bidc = bidr * \frac{(1 - p * t)}{d}$$

$$Askc = askr * \frac{(1 - p * t)}{d}$$

Кратенките од став 1 на оваа точка го имаат следното значење:

*Bidc* - куповен курс во денари за единица странско платежно средство-чек

*Bidr* - котиран куповен курс во денари за девизи во идентична странска парична единица на која гласи чекот

*Discb* - дисконтен куповен фактор на единица странско платежно средство-чек

*Disca* - дисконтен продажен фактор на единица странско платежно средство-чек

*Askc* - продажен курс во денари за единица странско платежно средство-чек

*Askr* - котиран продажен курс во денари за девизи во идентична странска парична единица на која гласи чекот

*p* - каматна стапка за дисконтирање

*t* - број на денови од датумот на издавање на чекот до датумот на склучување на трансакцијата

*d* - делител кој изнесува 36000 за сите валути, освен за британската фунта при што изнесува 36500

42. Склучената трансакција за купување или продавање на чекови се реализира со физички пренос на чековите на начин на кој двете страни ќе се договорат, и со меѓусебно почитување на правилата за нивен пренос. Плаќањето на денарската противредност се врши истовремено со физичката испорака на чековите.

**V. Купопродажба на други инструменти кои се користат во меѓународниот платен промет**

43. На пазарот на странски платежни средства можат да се купуваат и продаваат и други инструменти кои се користат во меѓународниот платен промет, и тоа:
-кредитни писма и документарни акредитиви
-меници
-изјава за обврска (Promisory note)
-банкарски гаранции

44. **Кредитното писмо** е писмена исправа со која една банка дава налог на друга банка на корисникот да му го исплати наведениот износ во определен рок.

**Документарниот акредитив** е писмена исправа со која должникот дава налог на една банка да му го исплати на корисникот на акредитивот (доверител) наведениот износ директно или преку кореспондентна банка по презентација на определени документи.

45. **Меницата** е писмена исправа со која трасантот му дава безусловен налог на трасатот да го исплати на ремитенот наведениот износ во наведениот рок.

46. **Изјавата за обврска (Promisory Note)** е писмена обврска со која издавачот на исправата се обврзува на корисникот на исправата да му го плати наведениот износ.

47. **Банкарска гаранција** претставува исправа со која издавачот на гаранцијата се обврзува дека ќе ја исплати наведената сума на корисникот на гаранцијата доколку се исполнети условите кои се наведени во гаранцијата.

48. На пазарот на странски платежни средства можат да се купуваат и продаваат инструменти наведени во точка 44, издадени во странство и кои гласат на

странска парична единица, и ако се преносливи, авалирани или акцептирани од странска банка и наплативи во странство.

49. Резидентите и нерезидентите во Република Македонија на пазарот на странски платежни средства инструментите наведени во точка 44 можат да ги продаваат на овластена банка.

50. Овластените банки на пазарот на странски платежни средства можат да ги продаваат и купуваат инструменти наведени во точка 44.

51. На пазарот на странски платежни средства не смеат да се купуваат и продаваат инструменти наведени во точката 44, со рок на доспевање подолг од 180 дена од денот на склучување на трансакцијата за купопродажба на овие инструменти.

52. Купопродажбата на инструментите од точка 44 се врши на начин утврден во точките 14, 15 и 16 од ова Упатство.

53. За одредување на куповниот и продажниот курс при трансакциите со инструментите од точка 44 се користат следниве формули:

$$Bidc = bidr * \frac{(1 - p * t)}{d}$$

$$Askc = askr * \frac{(1 - p * t)}{d}$$

Кратенките од став 1 на оваа точка го имаат следното значење:

*Bidc* - куповен курс во денари за инструменти од точка 44 од ова Упатство

*Bidr* - котиран куповен курс во денари за девизи во идентична странска парична единица на која гласи инструментот

*Discb* - дисконтен куповен фактор за инструментот

*Disca* - дисконтен продажен фактор за инструментот

*Askc* - продажен курс во денари за инструменти од точка 44 од ова Упатство

*Askr* - котиран продажен курс во денари за девизи во идентична странска парична единица на која гласи инструментот

*p* - каматна стапка за дисконтирање

*t* - број на денови од датумот на склучување на трансакцијата до датумот на датумот на доспевање на инструментот

*d* - делител кој изнесува 36000 за сите валути, освен за британската фунта при што изнесува 36500

54. Склучената трансакција за купување или продавање на инструментите од точка 44 од ова Упатство може да се реализира со физички или електронски пренос на начин на кој двете страни ќе се договорат, со меѓусебно почитување на правилата за ниven пренос. Плаќањето на денарската противредност е истовремено со испорака на инструментите.

**VI. Известување**

55. Овластените банки се должни до Народна банка на Република Македонија да ги достават податоците за сите склучени трансакции со други правни лица во било која странска парична единица најдоцна 10 минути по склучување на трансакцијата, преку информативниот систем Tenfore Banking Package.

Изгледот на слогот со потребните параметри е содржан во Прилогот кој е составен дел на ова Упатство.

Народна Банка на Република Македонија го администрира работењето на информативниот систем Tenfore Banking Package.

Доколку информативниот систем Tenfore Banking Package не е оперативен, овластената банка е должна веднаш да го извести администраторот - Дирекција за централно банкарски операции и девизни резерви во Секторот за операции на финансиски пазари и платни системи од Народна банка на Република Македонија.

По повторното започнување со работа на информативниот систем Tenfore Banking Package, овластената банка е должна да ги внесе податоците за сите склучени трансакции во информативниот систем.

Во случај кога информативниот систем Tenfore Banking Package не е оперативен и банката не е во можност да ги внесе сите склучени трансакции до 15:30 часот истиот ден, доставува извештај за склучените трансакции, вклучително и трансакциите со други овластени банки, во електронска форма потпишан од имателот на дигиталниот сертификат овластен за работа на девизниот пазар.

56. За потребите на ова Упатство се користат шифрите на валути од Упатството за платен промет со странство.

57. Недоставувањето или ненавременото доставување на образецот ИРП 1 претставува прекршок согласно член 40 од Законот за девизно работење, ("Службен весник на РМ" бр. .34/01, 49/01, 103/01, 54/02 и 51/03) и подлежи на мерките предвидени во членот 56 од Законот за девизно работење, ("Службен весник на РМ" бр.34/01, 49/01, 103/01, 54/02 и 51/03).

58. Ова Упатство влегува во сила со денот на донесување.

59. Со влегување во сила на ова Упатство престанува да важи Упатството за реализација на Одлуката за начинот и условите на купопродажба на странски платежни средства во Република Македонија Сл. Весник на РМ бр. 4/03 - пречистен текст, 48/04, 36/05 56/05.

| | |
|---|---|
| У. бр. 3 | Г у в е р н е р |
| 17.08. 2005 година | М-р Петар Гошев |
| Скопје | |

Прилог:

1. Образец ИРП1

Извештај за реализираниот промет на пазарот на странски платежни средства за ден

| Матичен број на банката која го доставува извештајот | Реден број | Датум | Матичен број на купувач | Даночен број на купувач | Матичен број на продавач | Дано!ен број на продавач | Матичен број на краен корисник | Даночен број на краен корисник | Вид на трансакција | Вид на странско платежно средство | Шифра на валута | Курс | Износ во девизи | Износ во денари | Капитални трансакции |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** | **13** | **14** | **15** | **16** |

Опис и карактеристики на полињата:

| Реден број | Опис | Скратен назив | Должина |
|---|---|---|---|
| 1 | Матичен број на банката која го доставува извештајот | Матбр | 7 |
| 2 | Реден број | РедБр | - |
| 3 | Датум | Датум | 10 |
| 4 | Матичен број на купувач | МатБркуп | 7 |
| 5 | Даночен број на купувач | ДанБрКуп | 13 |
| 6 | Матичен број на продавач | МатБрПрод | 7 |
| 7 | Даночен број на продавач | ДанБрПрод | 13 |
| 8 | Матичен број на крајниот корисник | МатБрКК | 7 |
| 9 | Даночен број на крајниот корисник | ДанБрКК | 13 |
| 10 | Вид на трансакција | ВидТран | 2 |
| 11 | Вид на странско платежно средство | СПС | 2 |
| 12 | Шифра на валута | Вал | - |
| 13 | Курс | Курс | - |
| 14 | Износ во девизи | ИзнДев | - |
| 15 | Износ во Денари | ИзнДен | - |
| 16 | Интервенција на НБРМ | КапТран | 2 |

2. Вид на трансакција

| Опис | Шифра |
|---|---|
| Промптна трансакција | 22 |
| Терминска | 33 |

3. Вид на странско платежно средство

| Опис | Шифра |
|---|---|
| Девизи | 00 |
| Ефективни странски пари | 01 |
| Чекови | 02 |
| Кредитни писма | 51 |
| Меници | 52 |
| Изјава за обврска | 53 |
| Банкарска гаранција | 54 |
| Документарни акредитиви | 55 |
| Трансакции со овластени менувачи | 11 |

4. Купопродажби по основ на капитални трансакции

| Опис | Шифра |
|---|---|
| Купопродажба на девизи по основ на директни инвестиции | 60 |
| Купопродажба на девизи по основ на работи со хартии од вредност и трансакции со документи за удел во инвестициони фондови | 61 |
| Купопродажба на девизи по основ на кредитни работи, емства и гаранции и депозитни работи | 62 |
| Купопродажба на девизи по останати основи (вложување во недвижност трансфери кои произлегуваат од осигурување на живот и кредитно осигурување) | 63 |